**Регионален центар за шумарство и рураллен развој**

**извештај од**

# Промоцијата на ДПД Горна Дебарца

одржана на 7 Декември  2011 година
во просториите на Општина Кичево

Скопје 12 Декември 2011 година

**Вовед**

СНВ Холандска развојна организација (СНВ) уште од 2006 та година работи во Република Македонија. Таа соработува и помага на повеќе локални организации главно со советнички услуги и програмски активности за развој на одредено поле како што е шумарството. СНВ со Доброволното противпожарно друштво Горна Дебарца (ДПДГД) соработува уште од самите почетоци на друштвото, односно од неговото формирање.
Членовите на ДПД Горна Дебарца во изминативе две години се стекнаа со соодветни знаења и обуки во областа на заштитата од пожари, како и со соодветна опрема за брзи интервенции.
За таа цел, во 2011 година СНВ го ангажираше РЕФОРД - Регионален центар за шумарство и рурален развој да помогне во координација на на активностите на друштвото и воедно и негова промоција како во самата општина, така и во некои соседни општини.

**Извештај**

Промоцијата на ДПД Горна Дебарца се одвиваше на 7 Декември 2011 година во просториите на општина Кичево, во организација на Националната здружение на сопственици на приватни шуми (НЗСПШ), опшински огранок од Кичево, ДПД Горна Дебарца и РЕФОРД, а потпомогнато од СНВ.

Организирањето на оваа промоција се одржа по повод 2 годишното постоење на ДПД Горна Дебарца и нивното функционирање на територијата на општина Дебарца.

На оваа промоција беа поканети 9 институции и организации кои делуваат во Кичевската општина. Сите институции се одзваа на поканата, така што на оваа промоција учествуваа вкупно 20 лица како претставници и како гости од наведените институции и организации:



- Дирекција за заштита и спасување – Кичево;
- Центар за управување со кризи – Кичево;
- Општински противпожарен сојуз - регион Кичево;
- Територијална противпожарна единица – Кичево;
- Општина Кичево;
- ЈПМШ Лопушник Кичево;
- МЗШВ, Инспекторат за шумарство;
- МЗШВ, Шумска полиција и
- ДПД Кичево од Кичево;

Организатори:

- ДПД Горна Дебарца;
- НЗ Приватни Шуми;
- РЕФОРД;

Промоцијата на ДПД Горна Дебарца ја презентираше Сашо Петровски – советник за шумарство во СНВ. Тој го престави друштвото од самите негови почетоци, неговото развивање и опстанок во изминативе 2 години.
Беа преставени обуките и тренинзите низ кои имаат пројдено членовите на здружението, како и опремата и спремноста за нивно брзо дејствување на терен.



По презентацијата на СНВ беше отворена дискусија во која имаа излагање неколку од присутните гости.

**Дискусија**

Прв зема збор **Ѓорѓија Стојаноски** инспектор од ОВР по пожари при ПП единица Кичево.Од негова страна беше поддржана иницијативата за формирање на вакво друштво и презентирање на истата идеа во соседните општини. Тој истакна дека е потребна потесна соработка со месните заедници како би можело побрзо да се интервенира во дадени случаи. Исто така истакна дека е потребно

да има повеќе вакви друштва на територијата на Македонија и да се продолжи соработката со ПП Сојузи во Охрид и Кичево.

**Гоце Богданоски** – претседател на ПП Сојуз - регион Кичево истакна дека на територија на општина има шест доброволни друштва, активни и со обучени луѓе кои во секој момент се спремни за дејствување. Меѓутоа проблем се средствата бидејќи ниедно друштво не може да фукционира без финансиски средства. Со тоа тој апелираше до надлежните институци како што е Општината, Министерсвата и Владата да одвојат средства за овие друштва на кои законски им следува, бидејќи пожарите немаат граници. Исто така истакна дека за активирање на овие луѓе за било каква интервенција потребно е: возило, опрема, храна и дневница барем кога се ангажирани.

**Глигор Топалоски од** ДПД- Кичево истакна дека за постоење на едно такво друштво се потребни три нешта, а тоа се: ПРОСТОР, ОПРЕМА И ФИНАНСИИ. Посебно истакна дека сите друштва треба да бидат под капата на Дирекцијата за заштита и спасување од каде ќе потекне и нивното финасирање затоа што пожарот не познава граници, па така ако нема општината или месната заедница интерес да помага, тоа да го стори државата. Затоа што доколку било кое здружение остане само на себе без финасиски средства повеќе од сигурно е дека таквото набрзо ќе згасне. Понатаму тој рече дека на пожарите треба да им се даде една посебна важност со јакнење на свесноста по институци и училишта за да се знае колкава е штетата од нив.

**Горан Соколески** - командир на ППЕ - Кичево истакна дека е потребно да се има соработка со сите Доброволни противпожарни друштва на тероторијата на РМ и да се види кое друштво до каде е, какви обуки има поминато и како функционира. Истакна дека комуникацијата е една од главните фактори за развој на друштвото, како и комуникацијата со ПП Единица или други поголеми центри за дообучување, како би се кренало нивото на професионализмот во ДПД. Исто така тој се осврна дека секаде во РМ има приватни шуми и со тоа има и потреба од доброволни противпожарни друштва, посебно во руралните делови како би можело најефикасно да се делува на терен.
За да се направат контакти и подобри комуникацијата помеѓу здруженијата и нивната соработка потребно е да се побараат сретства од повеќе институции и приватни фирми, кои сигурно би излегле во пресрет со некоја симболична сума. За крај тој спомна и дека територијалната ППЕ и Дирекцијата за заштита и спасување се спремни во секое време да помогнат, но во рамките на законските можности.

**Назмија Садику** претседател на општинскиот огранок на НЗСПШ воедно и дел од организацијата на оваа промоција им се заблагодари на присутните за учеството и посветеното време, но им укажа дека здружението НЗСПШ и ДПД Горна Дебарца се спремни за соработка со сите институции.